# Одлуки на жири комисијата за доделување на награди на Преку езерото 2024

**СПЕЦИЈАЛНА НАГРАДА**

Жирито посебно го истакнува квалитетот и луцидноста на реалистичната, а истовремено и магична современа филмска приказна од предградието која користејќи го документарстичкиот филмски израз многу умешно ни го открива паралелниот свет на луѓето на маргините, свет кој присутен но не и видлив во сите големи градови во Европа.

Затоа жирито одлучи специјално да го истакне филмот И ПОКРАЈ ТОА ШТО Е НОЌ на режисерот Guillermo Garcia Lopez.

**НАЈДОБАР РЕЖИСЕР**

За суптилниот и изненадувачки зрел женски и машки режисерски поглед кои се занимаваат со патувањето од детството до светот на возразните, жирито одлучи да ја додели наградата за најдобар медитерански филмски режисер ex aequo (подеднакво) на двајца режисери – Александра Лазаровски и Ѓорче Ставревски за нивните филмови Ѕвездана и Дали си маж. Двајцата наградени, секој на свој специфичен начин, без разлика дали се занимаваат со машкост, или со тага поради загубата на родителите, совршено владеејќи ги алатките на филмскиот израз успеваат низ филмскиот објектив на детскиот поглед да создадат емотивна врска, потсетувајќи не на сите оние детски проблеми, големи и мали, кои секој од нас ги доживеал.

**НАЈДОБАР КРАТОК ФИЛМ**

Во свет кој има тенденција да ги замолчи луѓето, да го замолчи поединецот да си го каже својот став и да се бори за своите морални вредности, свет кој ја ограничува слободната волја која на човекот му е дадена од раѓање, во свет кога многумина молчат пред неправдите и злосторствата кои се случуваат секојдневно, во еден таков исчашен свет полн со деструкции се најде еден човек кој не можеше да молчи, жртвувајќи се себеси за другиот!

Со една супериорна филмска масторија, со која во кратка форма успева да ги сублимира сите елементи на филмската уметност, притоа предизвикувајќи силни емоции кај публиката и поставувајќи бројни прашања.

Награда за најдобар медитерански краток игран филм се доделува на ЧОВЕКОТ КОЈ НЕ МОЖЕШЕ ДА МОЛЧИ на режисерот Небојша Слијепчевиќ.

**ГРАН ПРИ**

За оригинален авторски поглед на општествените девијации и проблеми пред кои е исправен современиот човек денес, во дистопично општество на отуѓени поединци, третирајќи ја вечната тема на животот и смртта, притоа користејќи автентична авторска естетика на актуелниот т.н. „Чуден филмски бран", Гран При за најдобар медитерански филм се доделува на долгометражниот игран филм, филмот ТИШИНА 6-9, на режисерот Христос Пасалис од Грција.

## Членови на жириото

**Владо Јовановски**, *претседател на жирито*
**Електра Венаки**, *член на жирито*
**Предраг Милојевиќ,** *член на жирито*